РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА
„УСЛУГИ" Акционерско друштво
Бр. 0204-1308/1
29.04 2024 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

**за работење за период јануари – декември 2023 година**

Во деловната 2023 год. РЖ УСЛУГИ АД Скопје има остварено вкупно приходи од 191.513.159,00 денари од кои приходите остварени од основните дејности на друштвото (продажба на стоки и услуги) изнесуваат 191.124.013,00 ден. Останатите приходи изнесуваат 389.146,00 денари. Вкупно остварените оперативни приходи од 191.124.013,00 денари за 2023 година се намалени за 26,185%% во однос на остварените оперативни приходи во 2022 година (258.928.085,00 денари).

## *Структура на приходи*

| | ИЗНОС 2022 | ИЗНОС 2023 |
|---|---|---|
| ДИСТРИБУЦИЈА НА ХИГИЕНСКА ВОДА И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ | 11.148.376,00 | 10.805.602,00 |
| ПРОИЗВОДСТВО, РЕЦИРКУЛАЦИЈА И ТЕРМИЧКА ОБРАБОТКА НА ТЕХНОЛОШКИ ВОДИ | 211.552.229,00 | 152,578,381,00 |
| НАДОМ. ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЦЕВОВОДНА МРЕЖА ЗА ПРЕНОС НА ТЕХНИЧ.ГАСОВИ И ПРИРОДЕН ГАС | 16.884.340,00 | 9.104.281,00 |
| УСЛУГИ ЗА ОБЕЗБЕД. НА ИМОТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 15.588.549,00 | 14.890.900,00 |
| ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР И РЕЗРЕВОАРИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ТНГ | 3.754.591,00 | 3.744.849,00 |
| ПРОДАЖБА НА ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС | 0 | 0 |
| ВКУПНО | 258.928.085,00 | 191.124.013,00 |

Во делот на услугите со кои сме директно поврзани со работење на погоните во нашето потесно опкружување, приходите од дистрибуција на хигиенска вода се намалени за 3.075% во однос на 2022 година,приходите од производство, рециркулација и термичка обработка на технолошки води се намалени за 27.867 % во однос на 2022 година и приходите од надоместокот за користење на цевоводната мрежа се намалени за 46,078% во однос на 2022 година.

Кај приходите намалувањето во 2023 во однос на претходната 2022 , се должи на намалената цена на електричната енергија , која е дирекно поврзана со производство,

рециркулација и термичка обработка на технолошки води,како и намален обем на работењето на погоните во потесното опкружување со кој имаме континуирана соработка.

Кај останатите приходи од основните дејности на друштвото чија реализација не е во директна поврзаност со потребите на производните процеси на погоните со кои имаме континуирана соработка, има намалување кај обезбедување и ПП заштита од 4,755%. Намалување има кај закуп на деловен простор и резервоари за складирање од 0,295%. Во 2023 нема приходи за продажбата на ТНГ, поради реконструкција на објектите за прием и продажба на течен нафтен гас .

## *Останати приходи*

Во останати приходи најголем дел се приходи по Решенија за присилно извршување и наплата на судски трошоци . Кај финансиските приходи има намалување во однос на 2022 година.

| | ***ИЗНОС*** |
|---|---|
| ***ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ ПРИХОДИ*** | 389.146,00 |
| ***ПРИХОДИ ОД КАМАТИ*** | |
| ***ВКУПНО*** | 389.146,00 |
| | ***ИЗНОС*** |
| ***ВКУПНИ ПРИХОДИ (ОПЕРАТИВНИ)*** | **191.124.013,00** |
| ***ПРОСЕЧЕН МЕСЕЧЕН ПРИХОД*** | 15.927.000,00 |

| ***ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ*** | | ***ПРИХОДИ ПО ВРАБОТЕН НА МЕСЕЧНО НИВО*** |
|---|---|---|
| 2022 | 73 | 4,806,00 |
| 2023 | 72 | 3.596,00 |

Вкупните расходи во 2023 година изнесуваат **202.686.209,00**.

Расходите кои се направени за реализација на основните дејности на друштвото изнесуваат 199.645.416,00 денари.

## *Структура на расходи*

| | 2022 | 2023 |
|---|---|---|
| ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ СИТЕН ИНВЕНТАР | 6.158.638,00 | 5.407.413,56 |
| ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА И ГОРИВО (ТОПЛИНСКА, ЕЛЕКТРИЧНА НАФТА И БЕНЗИН) | 100.662.017,00 | 50.565.942,45 |
| СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА | 45.552.971,00 | 44.379.792,00 |
| **ПОТРОШЕНИ СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | **152.373.626,00** | **100.353.148,01** |
| ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ | 630.451,00 | 554.100,00 |
| ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА И ОБЈЕКТИ | 3.828.094,00 | 4.443.576,00 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 3.409.962,00 | 1.738.160,00 |
| **УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | **7.868.507,00** | **6.735.836,00** |
| **АМОРТИЗАЦИЈА** | **15.192.762,00** | **15.740.660,00** |
| БРУТО ПЛАТА - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПП ЗАШТИТА | 22.954.479,00 | 23.570.520,00 |
| БРУТО ПЛАТА ЗА ОСТАНАТИ ВРАБОТЕНИ | 14.953.394,00 | 18.648.862,00 |
| НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР | 2.924.822,00 | 3.642.554,00 |
| ДНЕВНИЦИ И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 9.872,00 | 30.585,00 |
| **ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ** | **40.842.567,00** | **45.892.521,00** |
| НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ | | |
| РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ПРОПАГАНДА И РЕКЛАМА | 283.389,00 | 276.484,00 |
| БАНКАРСКИ ТРОШОЦИ | 177.832,00 | 127.112,00 |
| ДАНОЦИ И ТАКСИ | 10.558.850,00 | 10.356.774,00 |
| ТРОШОЦИ ЗА ПРОДАЖБА НА ТНГ | | |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 17.913.361,00 | 18.453.410,00 |
| ОСТАНТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 15.343.206,00 | 1.709.471,00 |
| **ВКУПНО ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ** | **44.276.638,00** | **30.923.251,00** |
| **ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | **260.554.100,00** | **199.645.416,01** |

Вкупните оперативни расходи во однос на предходната( 2022 година) се намалени за 23.377%. Во делот на трошоците кои се директно поврзани со остварување на приходите од производство, термичка обработка и рециркулација на технолошки води за производните погони во Железара, односно кај трошоците за материјали и резервни делови евидентирано е намалување од 12.198% во однос на минатата година , трошокот за електрична енергија е намален за 49.767% .Намалувањето на трошокот за електрична енергија се должи на намалувањето на цената на пазарот за електрична енергија.Во 2023

година намален е трошокот за снабдување со вода за 2,575%. .Трошоците за тековно одржување и сервисирање на опрема објекти и инфраструктура се зголемени за 16.078%.

Зголемени се трошоците за вработени за 12.364% како резултат на зголемување на бруто платата на вработените Во 2023 просечен број на вработени 72 , во споредба со 2022 кога што просечен број на вработени е 73.

Зголемени за 24.593% се и останати пресметани терошоци за надоместоци од работен однос за , отпремнина за заминување во пензија и регрес. Во 2023 имаме заминати работници на кои им е престанат работниот однос поради исполнување на услов за стекнување на право за старосна пензија, истек на договорот за вработување и други основи. Надоместокот за регрес за годишен одмор е пресметан и исплатен на износ согласно одредбите на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството ,односно 40%од просечната месечна бруто плата по работник во РМ.

| | **2022** | **2023** |
|---|---|---|
| ***РАСХОДИ ОД КАМАТА*** | 9.615.753,00 | 3.040.792,00 |
| ***ВКУПНО*** | 9.615.753,00 | 3.040.792,00 |

Останатите расходи и трошоци за камати на износ од 3.040.792,00 ден. се однесуваат на камати по И.бр.996/2019 засновани на извршна исправа, трошоци за судски спорови исправа ОДУ бр.420/13 од нотар Пулејкова Зорица против РЖ Услуги АД и ГЕТ Доо и

## ***Побарувања и обврски со 31.12.2023 година***

На 31.12.2023 година РЖ УСЛУГИ АД има ненаплатени побарувања на износ од 28.531.629,00 денари кои се во валутен рок како и ненаплатени побарувања за кои се водат судски постапки или се во извршна постапка во износ од 296.028.597,00 денари

Процентот на наплата на побарувања од купувачите во 2023 година изнесува 83,941% не земајќи ги во предвид ненаплатените побарувања со 31.12.2023 година од фирми за кои се водат спорови и за кои се чека судска пресуда или пак се завршени со правосилни пресуди и се чека на реализација на наплата.

Салдото на неплатени обврски по добавувачи до 31.12.2023 год. изнесува 10.162.611,00 денара тоа се тековни обврски кои ги има друштвото и кои се во валутен рок Процентот за исплата на обврски према добавувачи иземајќи ги обврските кои се во судска постапка со 31.12.2023година изнесува 92,034%.

Друштвото ја одржува тековната ликвидност во текот на годината и ги сервисира тековните обврски по сите основи према добавувачи, вработени, државата и по кредитни

задолжувања од изминатиот период. Тоа се должи на навременото сервисирање на дел од побарувањата од купувачите и како резултат на истото се превземаат мерки за поефикасна наплата, преку утужувања. Голем проблем се и ненаплатените побарувања кои не произлегуваат од работењето во тековната година, за кои се водат спорови и истите се одвиваат во долги постапки.

Готовинскиот прилив на парични средства кои друштвото ги заработува од неговите редовни активности се користи за регулирање на оперативните расходи во тековното работење.

Во 2023 година има инвестициски вложувања на вкупен износ од 6.824.172,00 денари, од кој:

-2.072.771,00 денари за градежни објекти и инфраструктура .

- 1.487.300,00 денари се вложувања во опрема и постројки и

-3.264.101 ден.за алат ,погонски ,канцелариски и транспортни стрдства.

***Финансиски резултат во работење за 2023година***

**РЖ УСЛУГИ АД** во тековното работење со пресметани приходи и расходи поврзани со основните дејности (продажба на стоки и услуги) ја заврши деловната година со нето загуба од 11.173.050,00 денари.

**ЕНЕРГОУСЛУГИ ДООЕЛ** ја заврши деловната година со загуба од 11.560,00 ден

**КОГЕЛ СТИЛ ДОО** од основната дејност -производство и трговија со топлинска енергија ја заврши деловната 2023 година со нето добивка од 768.725,00,денари.

*РЖ УСЛУГИ АД Скопје*

*Извршен Директор*

*Јован Гечески*